# ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ ОПШТЕСТВЕНА ОТПОРНОСТ КОН ШТЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ

Како резултат на истражувачкиот процес и анализата на податоците во рамките на активностите за борба против дезинформации, дополнети преку процесот на отворени консултации меѓу Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис", Советот за етика во медиумите (СЕММ), Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Синдикатот на новинари и медиумски работници (ССНМ), Институт за медиуми и аналитика (ИМА), НВО-Инфоцентарот, Центарот за развој на медиуми (ЦРМ), Граѓанската асоцијација МОСТ, Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХН-С), ЦИВИЛ – Центар за слобода и низа стручни лица и претставници на засегнатите страни од граѓанскиот, јавниот и приватниот сектор, иницијалната група организации ги предлага следниве препораки како основа за заедничка општествена акција за решавање на овој општествен проблем.

## ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

- Неопходен е системски пристап за градење култура на критичко мислење и општествен дијалог на сите нивоа, почнувајќи од образовниот систем, односот на институциите и засегнатите страни во сите сектори, како и на семејно и индивидуално ниво.
- Основен принцип на овој пристап е инклузивноста во носењето заеднички одлуки и градењето консензус врз основа на процес на широки консултации со сите засегнати страни, засновани на демократските начела на транспарентност, информираност и доследно разбирање на опсегот на примена, како и доброволност, еднаквост и недискриминација.
- Инклузивноста е неопходна, бидејќи градењето отпорност на дезинформации е прашање што има повеќе димензии - од националната безбедност до унапредување на медиумските слободи, борбата против корупцијата и зајакнување на улогата на граѓанското општество како двигател на демократизацијата, и бара мултидисциплинарен пристап и проактивна дејност на државните институции во рамките на нивните надлежности.
- Земајќи ја предвид високата поларизација и фрагментацијата во општеството на повеќе линии, при подготовка на интервенции против дезинформациите, важно е да се носат одлуки засновани на податоци за тоа, дали во дадена ситуација е ефективно да се примени конфронтативен пристап (преку кој може да се зајакне поларизираноста) или да се настојува преку широк и инклузивен општествен дијалог да им се даде шанса на сите страни да преиспитаат дел од своите вредности, перцепции и размислувања.
- Подложноста на населението на дезинформациски кампањи, теории на заговор и други алтернативни наративи е последица на структурни фактори, кои треба да се адресираат со конкретни програми, наместо со патологизација или практики на политизација, отфрлање или игнорирање.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Напливот од дезинформации не е само проблем на медиумите и професионалното новинарство, туку е поширок безбедносен проблем и токму затоа Владата и другите надлежни институции треба да го водат процесот на соочување со него, притоа обликувањето на решенијата мора да биде врз основа на демократските принципи и човековите права, кои проактивно ги артикулираат граѓанските и медиумските организации.
- Институциите, во партнерство со медиумите и граѓанските организации, треба да креираат јавни политики, стратегии и механизми за зголемување на отпорноста кон дезинформации и за развивање на медиумската писменост, имајќи предвид дека ова безбедносно прашање ги надминува рамките на медиумската сфера и мора да опфаќа содејство со сите надлежни државни институции.
- Земајќи ја предвид мултидисциплинарната природа на проблемот со дезинформациите, овој процес треба да се смета за компатибилен и комплементарен на процесот на спроведување на итните реформски приоритети во областа на медиумите, кои се неопходен дел од процесот на пристапување кон Европската Унија, како и потребата за итно усогласување на законската рамка со сите релевантни директиви и регулативи на ЕУ, особено оние што го адресираат прашањето на ширење дезинформации, содржини со кои се поттикнуваат говор на омраза, тероризам и други облици на криминал.
- Државните институции треба да покренат процес за креирање и/или надградување на јавните политики, приоритетните листи и/или стратегии на државно ниво за борба против дезинформациите, кој ќе ги земе предвид искуствата од примената на „Предлог-планот за одлучна акција против ширењето дезинформации“, како и потребите за негова надградба во услови на пандемија, и изменетите геополитички и други околности. Без разлика каква форма ќе имаат документите, придружните акциските планови мора да содржат конкретни цели, одговорни институции, одвоени ресурси и рокови.
- Државните институции треба да ги надградат и етичките кодекси и внатрешните процедури што се однесуваат на вработените во институциите за да се инкорпорира борбата против дезинформации како основна вредност и натамошен развој на соодветни работни процедури и безбедносни протоколи.
- Потребно е дополнително јакнење на отпорноста на дезинформации кај државните и јавните службеници преку надградба на системите за градење капацитети, со интегрирање содржини од оваа област во наставните програми за професионална надградба, за да се јакне свеста и да се стекнат конкретни вештини од областа на медиумската и дигиталната писменост.
- Сите институции на државата треба да го подигнат нивото на проактивна транспарентност и отвореност, со што ќе овозможат директна и поефикасна поддршка за напорите на медиумите, сервисите и организациите, кои директно работат на откривање на дезинформациите.
- Државните институции, од законодавната и од извршната власт, треба да имаат проактивна улога во зајакнувањето на финансиските капацитетити на медиумите и медиумските организации и во креирањето поволна средина за финансиски инвестиции во медиумската индустрија. Особено е важно да се инвестира во зајакнување на механизмите за

саморегулација и јакнење на свеста за улогата на медиумите како двигатели на демократијата во општеството. Подобрувањето на состојбата со медиумите треба да се третира како стратешка цел.

- Државните институции од законодавната и извршната власт треба да заземат проактивна улога во креирањето поволна/овозможувачка законска и општествена средина за зајакнување на финансиските капацитети на медиумите и медиумските организации, како и во креирањето поволна средина за финансиски инвестиции во медиумската индустрија. Особено е важно да се подобрат законските услови за инвестирање во зајакнување на механизмите за саморегулација, како и јакнење на свеста за улогата на медиумите како двигатели на демократијата во општеството, а подобрувањето на состојбата со новинарството треба да се третира како стратешка цел.
- Владата на РСМ треба го комплетира спроведувањето на вториот дел од Предлог-акцискиот план од 2019 година, насловен како „Проактивни мерки“, особено:
    - Да формира структура – работна група за консултации и одлучување, во која ќе членуваат претставници на сите засегнати страни од граѓанскиот сектор и релевантните институции;
    - Да се најде модел за спроведување едукативни кампањи од висок јавен интерес наменети за зголемување на отпорноста кон дезинформации, според транспарентен и отчетен модел, кој ќе оневозможи корупција на медиумите преку прелевање државни пари.
    - Да ја продолжи дискусијата со медиумите и организациите од граѓанското општество за начинот на поддршка за продукција на медиумски содржини од јавен интерес, особено едукативни содржини на тема борба против дезинформации врз основа на начелата на транспарентност и отчетност.
    - Да ја продолжи и зајакне соработката со сите професионални медиуми и организации што работат на проверка на факти и/или демаскирање дезинформации, како клучен аспект на механизмите за транспарентност и односи со јавноста.
- Државните институции треба да покренат процес за креирање стратешки рамковен документ којшто ќе предвидува конкретни чекори за борба против дезинформациите, која ќе ги земе предвид и искуствата од примената на Предлог-акцискиот план.
- Извршната и законодавната власт треба да овозможат зголемена буџетска поддршка за научни истражувања за присуството и ефектите на дезинформациите врз општеството.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ПОЛИТИЧАРИТЕ

- Политичките партии да не ги користат дезинформациите како елемент на политичката борба и да формираат (или да ги надградат) внатрепартиски структури и механизми, етичките кодекси и процедури во насока на градење отпорност кон дезинформации кај своето членство и кај широката јавност.
- Индивидуалните политичари, како дел од својата легитимна политичка борба да не шират дезинформации преку сите форми на јавна комуникација што им се достапни, како

собраниската говорница, социјалните мрежи, настапи во медиуми, партиски гласила и во секојдневните контакти со граѓаните.

- Политичките партии да се воздржат од користење организирани структури на социјалните мрежи (трол фарми) за оркестрирано злонамерно ширење дезинформации, говор на омраза и поттикнување насилство.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПРИВАТНИТЕ КОМПАНИИ, МАРКЕТИНГ-АГЕНЦИИТЕ И ДРУГИТЕ ОГЛАСУВАЧИ ШТО ИМ ОВОЗМОЖУВААТ РАБОТА НА МЕДУМСКИТЕ КУЌИ

- Огласувачите треба да ги надградат своите етички кодекси и политики за корпоративна општествена одговорност со критериуми што ќе овозможат редовна проверка (мониторинг) дали со нивни средства се спонзорираат медиуми што шират дезинформации.
- Следејќи ги досегашните искуства и добрите практики, бизнис-заедницата, односно огласувачите, треба да ги имаат предвид постојните саморегулаторни решенија, меѓу кои регистарот на професионални медиуми „ПроМедиа“, чии членови се обврзани да го исполнуваат минимумот на професионалните стандарди.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ИНДИВИДУАЛНИТЕ МЕДИУМИ, МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ, ОДНОСНО НОВИНАРИТЕ

- Медиумските работници, како и медиумите во целост, треба да се залагаат за зголемено почитување на професионалните и етичките стандарди во новинарството, како и зголемена примена на алатките за саморегулација.

- Медиумите треба активно да учествуваат во борбата против сите видови дезинформации и за промоција на медиумската писменост преку зголемување на квалитетот и разновидноста на медиумските програми од информативно-едукативен карактер.

- Сопствениците и менаџментот на медиумите треба да инвестираат во градење капацитети за проверка на факти пред објавување, со што и самите медиуми ќе станат поконкурентни и препознаени како квалитетни од нивните публики.

- Медиумите што немаат сопствени содржини наменети за борба против дезинформациите, да се заложат за пренесување содржини изработени од сервисите за проверка на факти или медиуми што редовно разоткриваат и демаскираат дезинформации во рамките на своето работење.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ МЕДИУМСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И СРОДНИТЕ ТЕЛА

- Потребно е да се зголеми соработката меѓу професионалните медиумски организации, како и другите институции што се релевантни за медиумскиот сектор.
- Исклучително важно е повеќе да се зајакне промоцијата на механизмите на саморегулација како средство преку кое граѓаните имаат можност да укажат на злоупотреби од страна на неетички медиуми.
- Проверката на факти, освен како новинарска вредност, треба да се афирмира и како форма на саморегулација во рамките на медиумската заедница, а и како средство за поттикнување јавна дебата за квалитетот на медиумските содржини и вид неформална едукација со која професионалните стандарди на практичен начин се приближуваат до пошироката публика.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

- Граѓанските организации треба да продолжат со креирање и акумулирање знаења поврзани со проблемот на дезинформациите, градејќи јавни архиви на содржини во кои ќе се собираат сознанија и објаснувања за разоткриените манипулации и дезинформации, кои ќе бидат објавени под лиценци што дозволуваат користење од други тела.
- Што повеќе организации да се заложат дека ќе почнат со сопствени проекти со кои ќе работат на јавната свест за дезинформации или да се приклучат на проекти на оној дел од невладиниот сектор што веќе работи на разобличување или разоткривање (анг. debunking) на дезинформациите. Притоа, да работат на диверзификација на целните групи во своите заедници за кои ќе утврдат дека се најподложни на негативното влијание на дезинформациите. Да се обмислат различни пристапи за објаснување на штетноста на дезинформациите кај различните возрасни групи, со особен акцент на младите.
- Граѓанските организации треба да креираат содржини и промотивни кампањи со кои на јавноста ќе ѝ се претставаат позитивните наративи, засновани на факти, во кои ќе се претставаат мерките за спречување на ширењето на епидемијата и придобивките од вакцинирањето, за да се намали двоумењето за вакцинирањето (vaccine hesitancy), но и спротивставувањето на користењето на вакцините против ковид-19, сипаници и други болести што може да се превенираат со вакцина. Ова е особено итно имајќи предвид дека во некои соседни земји се враќаат болести што биле искоренети преку вакцинирање.
- Повеќе локални и „грасрутс“ граѓански организации треба да се вклучат во напорите за зголемување на медиумската писменост и критичкото мислење во нивните заедници, и тоа на сите нивоа: преку курикулуми што ќе ги креираат самостојно или во соработка со академската заедница, посебно развиени за борба против дезинформациите поврзани со медицината (на пр. вакцините) и здравствениот систем, повикувајќи се на актуелната пракса на проверувачите на факти во земјата. Конкретно ова значи соработка помеѓу новинарите и експерти специјализирани за областите што се предмет на дезинформации, чие стручно знаење треба да биде темел на разобличувањата.
- Граѓанските организации што работат на полето на медиумската писменост и проверката на факти ќе ги зголемат своето влијание и можности за соработка со приклучување кон

националната Мрежа за медиумска писменост и регионалните или меѓународните мрежи наменети за борба против дезинформациите.

- Граѓанските организации треба да започнат или да ги интензивираат своите активности за лобирање и застапување пред власта за да се зголеми поддршката на јавните и државните институции во борбата против дезинформациите и засилувањето на медиумската писменост и зајакнувањето на критичкото мислење, како и да се настојува соодветните државни тела (обвинителство, судство) да ги спроведуваат релевантните закони наспроти неказнивоста за кривични дела што ја загрозуваат слободата на изразување и правото на граѓаните за правилно и точно информирање.